

***Во ова продолжение за читателите на порталот „Македонска нација“ ќе ги претставиме имињата, зборовите, изразите, називите, термините... кои се во „Библискиот речник“: од Александар Македонски, основачот на царството на античките Македонци до* Антиливан *– горатa што се протега паралелно со Либан***

**Александар Македонски** - бранител од луѓето, основач на царството на античките Македонци; во СЗ се споменува само во двете роканонските книги, односно во 1 Мак 1,1-9; но има некои навестувања за него и во Летописите

**Александрија** - на арапски *Искендерије,* град во Египет на брегот на Средоземното Море, чиј основач е Александар Македонски. Бил центар на древната култура, а останал познат по својата библиотека и светилникот. Во овој град била колонијата од Евреи, кои зборувале елински. За нив СЗ е преведен на елински. Тоа е т.н. превод на Седумдесетмината, односно на латински Септуагинта (од секое племе биле земени по 6 преведувачи). Преводот бил општоприфатен, па се цитира и кај писателите на новозаветните книги. Апостолот Павле еднаш патувал со брод кој превезувал жито од Александрија за Рим (Дап 27,6). Александрија била родно место на Аполон, еден од

значајните учители на раната Црква.

**Алилуја** - *славете го Господа* на еврејски - Древен восликна пофалба, особено често се среќава во Псалмите,

**Алоја** - дрога со пријатен мирис, направена од сокот на истоименото индиско дрво. Го спречувала распаѓањето, затоа помешана со смирна се користела во подготовките за погреб.

**Алфа** - прва буква на грчкиот алфабет. Во Светото Писмо заедно со последната буква од грчкиот алфабет, омега, го означуваат Бог како почеток и крај на се' (Отк 1,8; 21,6), и вечното Божјо постоење (Отк 1,8). Така се нарекува и прославениот Христос во книгата на Откровението.

**Алфеј** -1) татко на митникот Леви (Мк2,14);татко на Јаков(Мк3,18; Дап1,13).

**Амајлии** - молитвени записи на пергамент (Мт23,5). За време на молитва, Евреите со каиши прицврстувале мали кутии со четири текста од СП, на челото и на левата рака. Во новозаветното време многу побожни луѓе ги носеле преку цел ден; в. Тефилим.

**Амалиќани** - потомци на Амалик, внукот на Исав, древно номадско племе. Се додека Давид не ги поразил, со векови биле непријатели на Израел (1 Цар 27,9).

**Аман** - бездушник опишан во книгата на Естира, претседател на владата и миленик на царот Ксеркс; Ги прогонувал Евреите и ковал завера наполно да ги уништи, но бил обесен на бесилката што ја подготвил за роднината на Естмра Мардохеј (Ест 7).

**Амарна** - древниот Ахет Атон -Атонов зрак, престолнина на Аменофис4, на источниот брег на Нил, на патот меѓу Теба и Мемфис. Во времето на Аменофис (1372-1352 г.пр.И.Х.) бил важен културен, религиозен и уметнички центар. Во него се пронајдени во

1888 г. писма и натписи на акадски јазик, пишувани со клинесто писмо, многу значајни за расветлувањето на културата и историјата на Ханаан.











Пишуваат: **ПЕТКО ЗЛАТЕСКИ И СЛАВЕ КАТИН**